## Упатство за лекот: Информација за корисникот

**Пред употреба на лекот внимателно прочитајте го целото упатство бидејќи содржи многу важни податоци за Вас.**
-Чувајте го упатството. Можеби ќе треба да го прочитате повторно.
- Ако имате дополнителни прашања, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.
-Овој лек Ви е препишан Вам лично и не треба да го давате на други лица, бидејќи може да им наштети дури и ако нивните симптоми се исти како Вашите.
- Ако забележите било какво несакано дејство, треба да го известите Вашиот лекар или фармацевт. Тоа го вклучува и секое можно несакано дејство кое не е наведено во ова упатство. Видете го поглавјето 4.

Упатството за лекот содржи:
1. Што претставува лекот ИРУЗИД и за што се употребува
2. Што треба да знаете пред да го употребите лекот ИРУЗИД
3. Како да го употребувате лекот ИРУЗИД
4. Можни несакани дејства
5. Чување и рок на употреба на лекот ИРУЗИД

**ИРУЗИД / IRUZID 10 mg/12,5 mg таблети**
**ИРУЗИД / IRUZID 20 mg /12,5 mg таблети**
**ИРУЗИД / IRUZID 20 mg/25 mg таблети**
*lisinopril/hydrochlorothiazide*

Активни супстанции се лизиноприл и хидрохлортиазид.

Една ИРУЗИД 10 mg/12,5 mg таблета содржи 10 mg лизиноприл во облик на лизиноприл-дихидрат и 12,5 mg хидрохлоротиазид.
Една ИРУЗИД 20 mg/12,5 mg таблета содржи 20 mg лизиноприл во облик на лизиноприл-дихидрат и 12,5 mg хидрохлоротиазид
Една ИРУЗИД 20 mg/25 mg таблета содржи 20 mg лизиноприл во облик на лизиноприл-дихидрат и 25 mg хидрохлоротиазид

Помошни супстанции:
Ирузид 10 mg/12,5 mg таблети: манитол (E421); калциум хидрогенфосфат дихидрат; пченкарен скроб; скроб, претходно гелиран; магнезиум стеарат; боја индиго кармин (E132)

Ирузид 20 mg/12,5 mg таблети: манитол (E421); калциум хидрогенфосфат дихидрат; пченкарен скроб; скроб, претходно гелиран; магнезиум стеарат; железо оксид, жолт (E172)

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ

Ирузид 20 mg/25 mg таблети: манитол (Е421); калциум хидрогенфосфат дихидрат; пченкарен скроб; скроб, претходно гелиран; магнезиум стеарат; железо оксид, црвен (Е172)

**Изглед на таблетите и содржина на пакувањето:**
ИРУЗИД 10 mg/12,5 mg: сини, биконвексни и хексагонални таблети, со дијаметар од околу 7 mm.
ИРУЗИД 20 mg/12,5 mg: жолти, биконвексни и хексагонални таблети, со дијаметар од околу 9 mm.
ИРУЗИД 20 mg/25 mg: светлорозови, биконвексни и хексагонални таблети, со димензии од околу 8,7 x 8 mm.

30 (1 x 30) таблети во PVC/PVDC//Al блистер, во кутија.

**Име и адреса на носителот на одобрението за ставање на лекот во промет:**
БЕЛУПО ДООЕЛ Скопје,
ул. 3-Македонска бригада бр.68, 1000 Скопје, Р.С.Македонија

**Име и адреса на производителот:**
Белупо, лекови и козметика, д.д., Улица Даница 5, 48000 Копривница, Хрватска

1. **Што претставува лекот ИРУЗИД и за што се употребува**

Името на лекот кој го употребувате е ИРУЗИД кој како активни материи содржи лизиноприл и хидрохлоротиазид.

ИРУЗИД се применува за лекување на зголемен крвен притисок (хипертензија). Содржи две активни материи кои се викаат лизиноприл и хидрохлоротиазид.

Лизиноприлот припаѓа во групата на лекови кои се нарекуваат инхибитори на ангиотензин-конвертирачкиот ензим (АСЕ-инхибитори) и дејствува така што ги шири крвните садови и со тоа му го олеснува на срцето истиснувањето на крвта во сите делови на телото.

Хидрохлоротиазидот припаѓа во групата на лекови кои се нарекуваат диуретици (таблети за мокрење). Хидрохлоротиазидот ја зголемува количината на течност која ја губите со урината и така се намалува количината на течност во крвните садови.

**2. Што треба да знаете пред да го употребите лекот ИРУЗИД**

**Немојте да употребувате ИРУЗИД :**

- ако сте алергични на лизиноприл, хидрохлоротиазид или на некоја друга состојка на овој лек

- ако сте алергични на други ACE-инхибитори или на други деривати на сулфонамидите. Прашајте го Вашиот лекар доколку не сте сигурни.
- ако веќе порано сте употребувале лек од истата група на која и припаѓа ИРУЗИД (ACE-инхибитори) и сте имале алергиска реакција проследена со отекување на лицето, усните, јазикот и/или грлото, при што отежнато сте голтале или дишеле
- ако имате дијагноза за наследен или вроден ангиоедем (отекување на кожата особено околу очите, усните, носот, јазикот, гласните жици (ларинксот) или рацете). Тоа значи дека сте или родени со оваа болест или Вашиот лекар не знае што ја причинува.
- ако сте земале или моментално земате сакубитрил/валсартан, кој се користи за лекување на еден вид долгорочно (хронично) затајување на срцето кај возрасни, бидејќи во тој случај е зголемен ризикот од ангиоедем (нагло отекување на поткожното ткиво на подрачје како што е вратот).
- Ако земате некој од следните лекови, ризикот од ангиоедем може да се зголеми:
    - рацекадотрил, кој се користи за третирање пролив
    - лекови кои се користат за спречување на отфрлањето пресадени органи и за лекување рак (на пр. темсиролимус, сиролимус, еверолимус)
    - вилдаглиптин, кој се користи за лекување шеќерна болест
- ако сте бремени повеќе од 3 месеци (исто така подобро е да се избегнува ИРУЗИД во тек на раната бременост) (видете го поглавјето **Бременост и доење**)
- ако имате сериозни проблеми со бубрезите
- ако имате сериозни проблеми со црниот дроб
- ако сте престанале да мокрите
- ако имате шеќерна болест или оштетена функција на бубрезите и се лекувате со лек за намалување на крвниот притисок кој содржи алискирен.

**Ако нешто од горе наведеното се однесува на Вас, не употребувајте ИРУЗИД. Доколку не сте сигурни, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт пред употреба на овој лек.**

**Предупредување и мерки на претпазливост**

Обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт пред да употребите ИРУЗИД:
- ако имате стеснување (стеноза) на аортата, срцевиот залисток (митрален залисток) или на артериите на бубрезите
- ако имате задебелување на срцевиот мускул (познато како хипетрофична кардиомиопатија)
- ако имате проблеми со крвните садови (колаген васкуларна болест)
- ако имате низок крвен притисок. Можете да почувствувате вртоглавица или зашеметеност, особено кога ќе се исправите.
- ако боледувате од болест на бубрезите или одите на дијализа или имате пресаден бубрег
- ако боледувате од болест на црниот дроб
- ако имате шеќерна болест
- ако неодамна обилно повраќавте или имавте пролив

- ако лекарот Ви рекол да ја контролирате количината на сол во Вашата исхрана
- ако имате високо ниво на холестерол и се лекувате со постапка која се нарекува LDL афереза
- ако имате состојба која предизвикува болки во зглобовите, кожно исипување и треска (се нарекува системски еритемски лупус)
- ако забележите нарушување на видот или почувствувате болка во очите. Симптомите може да бидат акумулација на течности во слојот на окото во кој се наоѓаат крвните садови (васкуларна ефузија) или зголемување на притисокот во окото, а може да се појават во рок од неколку часа до една недела по земањето на овој лек. Ако не се лекува, може да доведе до трајно оштетување на видот. Ако порано сте имале алергија на пеницилин или сулфонамиди, може да бидете изложени кон поголем ризик од развој на оваа болест.
- ако сте од црно потекло, бидејќи ИРУМЕД може да биде помалку делотворен. Исто така, можете да бидете посклони кон појава на ангиоедем (тешка алергиска реакција со отекувања на рацете, стапалата, глуждовите, лицето, усните, јазикот или грлото)
- ако мислите дека сте бремени (или планирате бременост). Употребата на лекот ИРУЗИД не се препорачува во раната бременост и не треба да го употребувате ако сте бремени повеќе од 3 месеци, заради тоа што може да предизвика тешки оштетувања кај Вашето дете (видете го поглавјето **Бременост и доење**).
- ако сте имале рак на кожата или ако ви се појави непредвидена лезија (промена) на кожата за време на третманот. Третманот со хидрохлоротиазид, особено долготрајната примена со високи дози, може да го зголеми ризикот од некои видови рак на кожата или на усните (немеланомски рак на кожата). Заштитете ја кожата од изложеност на сонце и УВ зраци за време на употребата на лекот ИРУЗИД.

Известете го Вашиот лекар ако употребувате кој било од лековите наведени во продолжение, кои се користат за лекување на висок крвен притисок:
- блокатор на ангиотензин II рецептори (ARB) (се нарекуваат и сартани – на пример валсартан, телмисартан, ирбесартан), особено ако имате бубрежни тегоби поврзани со шеќерна болест
- алискирен.

Лекарот може да Ви ја контролира бубрежната функција, крвниот притисок и количината на електролитите (на пр. калиум) во крвта во редовни интервали.

Видете ги исто така информациите под наслов„ Не употребувајте ИРУЗИД"

Доколку започнувате третмани за десензибилизација (третмани кои се користат за

намалување на алергиски реакции на убоди од оси или пчели), известете го лекарот кој ја спроведува постапката дека употребувате ИРУЗИД.

Доколку започнувате третман за отстранување на холестерол од Вашата крв (се нарекува LDL афереза), известете го лекарот кој ја спроведува постапката дека употребувате ИРУЗИД.

**Ако одите на операција**
Пред хируршки зафат и анестезија (дури и кај стоматолог) известете го лекарот или стоматологот дека употребувате ИРУЗИД бидејќи е можен ненадеен пад на крвниот притисок при истовремена примена со локален или општ анестетик.

**Деца и адолесценти**
ИРУЗИД не е наменет за примена кај деца.

**Употребување на други лекови (на што треба да се внимава ако употребувате други лекови)**
Известете го Вашиот лекар или фармацевт ако употребувате, неодамна сте употребувале или би можеле да употребувате кои било други лекови, вклучувајќи ги и оние кои сте ги купиле без рецепт.

Некои лекови можат да влијаат врз дејството на другите лекови.

Можеби лекарот ќе мора да Ви ја промени дозата и/или да преземи други мерки на претпазливост:

- ако употребувате некој блокатор на ангиотензин II рецепторите (ARB) или алискирен (видете ги исто така и поглавјата **Не употребувајте ИРУЗИД** и **Предупредувања и мерки на претпазливост**)

Известете го Вашиот лекар или фармацевт ако употребувате некои од следните лекови:

- ако употребувате некој блокатор на ангиотензин II рецепторите (ARB) или алискирен (видете ги исто така и поглавјата **Не употребувајте ИРУЗИД** и **Предупредувања и мерки на претпазливост**)
- лекови поврзани со низок калиум во крвта (хипокалиемија) како што се други диуретици (таблети за мокрење), вклучувајќи ги и оние кои го штедат калиумот, лаксативи, кортикостероиди (преднизон), адренокортикотропен хормон, амфотерицин (лек против габички) и деривати на салицилната киселина
- нестероидни антивоспалителни лекови (NSAIL) како што се ацетилсалицилна киселина, ибупрофен или индометацин (лекови за лекување на болки во мускулите или воспаленија на зглобовите)
- лекови за лекување на депресија (трициклични антидепресиви)
- лекови за лекување на психички болести како што е литиум
- ацетилсалицилна киселина – ако користите повеќе од 3 g секој ден

- надоместоци на калиум (вклучувајќи надоместоци на сол), диуретици кои штедат калиум и други лекови кои можат да ја зголемат количината на калиум во крвта (на пр. триметоприм и котримоксазол за бактериски инфекции; циклоспорин, имуносупресиски лек кој се користи за спречување на отфрлањето пресадени органи; и хепарин, кој се користи за разредување на крвта заради спречување на згрутчувањето на крвта)
- хепарин (лек за разредување на крвта)
- котримоксазол (антибиотик) исто така познат под називот триметоприм/сулфаметоксазол
- соли на калциумот или витамин Д
- лекови за шеќерна болест (инсулин и орални антидијабетици како што е сулфонилуреа). Дозата на антидијабетици можеби ќе биде потребно да се менува при истовремена примена на тиазидски диуретици
- лекови за лекување на астма
- лекови за лекување на затнување (конгестија) на носот или на синусите и други лекови за настинка (вклучувајќи ги и оние кои можете да ги купите во аптека без лекарски рецепт)
- лекови кои го потиснуваат имунолошкиот одговор на телото (имуносупресиви, како што е циклоспорин)
- алопуринол (лек за лекување на гихт)
- лекови за лекување на проблеми на срцевиот ритам (како што е прокаинамид)
- лекови за болести на срцето (како што е дигоксин) или други лекови за контрола на срцевиот ритам
- инјекции со злато (како што е натриум ауротиомалат), обично се користи за лекување на ревматоиден артритис
- инјекции амфотерицин Б (лек за лекување на габични инфекции)
- карбеноксолон (за лекување на чир или воспаленија во хранопроводникот или устата)
- кортикостероиди (стероидни лекови)
- кортикотропин (хормон)
- лекови за лекување на затвор (стимулирачки лаксативи)
- холестирамин и холестипол (лекови за намалување на холестеролот во крвта, спречување на пролив или ублажување на јадеж)
- мускулни релаксанси како што е турбокураре
- триметоприм (антибиотик)
- соталол (бета-блокатор)
- ловастатин (лек за намалување на холестеролот)
- декстран сулфат (се користи за лекување кое се нарекува LDL афереза за намалување на холестеролот)
- лекови за лекување на рак (како што се циклофосфамид и метотрексат)
- други лекови кои имаат дејство врз нарушување на работата на срцето познато како *Torsades de pointes*

**Употребување на лекот ИРУЗИД со храна и пијалоци**
ИРУЗИД таблетите можете да ги земате независно од оброкот.

AGJENCIJA ZA LEKOVI I MEDICINSKI SREDSTVA / BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE · SHKUP · СКОПЈЕ

**Бременост и доење**

Ако сте бремени или доите, ако сметате дека сте можеби бремени или планирате бременост, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт за совет пред употребата на овој лек.

Лекарот ќе Ви препорача прекин на примената на ИРУЗИД таблетите пред забременување или веднаш по потврдата за бременост и ќе Ве советува наместо ИРУЗИД таблетите да употребувате друг лек. Не се препорачува примена на ИРУЗИД таблетите во раната бременост. Ако сте бремени подолго од 3 месеци, не смеете да користите ИРУЗИД бидејќи неговата примена по третиот месец на бременоста може да предизвика тешко оштетување на детето.

Известете го Вашиот лекар ако доите или планирате да доите. Не се препорачува примена на ИРУЗИД таблетите кај доилки. Ако сакате да доите (особено ако станува збор за новороденче или недоносено бебе), лекарот може да избере друга терапија.

**Влијание врз способноста за управување на моторно возило или ракување со машини**

Овој лек може да предизвика вртоглавица и замор што може да влијае врз способноста за управување со возила и машини, особено на почетокот на лекувањето, во текот на приспособување на дозата или при истовремена примена со алкохол. Во случај на реакција на лекот, не управувајте со возила и не користете алати или машини.

Пред наведените активности се препорачува да утврдите како реагирате на користењето на овој лек.

**3. Како да се употребува лекот ИРУЗИД**

Секогаш употребувајте го овој лек точно така како што Ви препорачал Вашиот лекар. Проверете со Вашиот лекар доколку не сте сигурни.

Препорачана доза е една ИРУЗИД таблета еднаш на ден.

ИРУЗИД може да се зема во кое било време на денот, пред, во текот или по оброкот. Одберете време кое најмногу Ви одговара за земање на таблетата и земајте ја таблетата секој ден во тоа време.

Бидете особено претпазливи по земање на првата доза на лекот или по зголемување на дозата. Доколку почувствувате вртоглавица или зашеметеност итно јавете се кај Вашиот лекар.

**Возрасни**

Препорачана доза е 1 таблета еднаш на ден. Вашиот лекар ќе Ви пропише доза на лекот која ќе е соодветна за Вас.
Во случај на потреба, Вашиот лекар може да ја зголеми дозата на 2 таблети на ден. Земајте ИРУЗИД толку долго колку што Ви одредил Вашиот лекар.

**Примена кај деца**
ИРУЗИД не е наменет за примена кај деца.

**Ако сте употребиле поголема доза од лекот ИРУЗИД отколку што треба:**
Ако сте зеле премногу таблети, веднаш побарајте медицинска помош. Симптоми кои најверојатно би се јавиле во случај на предозирање се зашеметеност или вртоглавица заради пад на крвниот притисок.

**Ако сте заборавиле да го употребите лекот ИРУЗИД**
Ако сте заборавиле да го земете лекот, земете го штом ќе се сетите. Меѓутоа, ако наскоро е време за следната доза, прескокнете ја пропуштената доза на лекот. Не земајте двојна доза за да ја надоместите заборавената доза.

**Ако престанете да го употребувате лекот ИРУЗИД**
Не прекинувајте со примената на овој лек, дури и ако се чувствувате добро, освен ако тоа Ви го препорача Вашиот лекар.

**Во случај ако нешто не Ви е јасно или имате прашања во врска со примената на овој лек, обратете се кај Вашиот лекар или фармацевт.**

**4. Можни несакани дејства**
Како и сите лекови, овој лек може да предизвика несакани дејства, иако тие нема да се развијат кај секого.
ИРУЗИД содржи две активни материи: лизиноприл и хидрохлоротиазид. Несакани дејства се можни од страна на која било од овие активни материи. Вашиот лекар може повремено да направи испитувања на крвта за да го провери ефектот на овој лек.

<u>**Можни несакани дејства со лизиноприл**</u>

**Сериозни алергиски реакции** (ретко, можат да се јават кај помалку од 1 на 1000 лица):
**Во случај на појава на алергиски реакции прекинете со употреба на таблетите и веднаш јавете се кај Вашиот лекар. Можна е појава на следните симптоми:**
-отекување на лицето, усните, јазикот и/или грлото заради што дишењето или голтањето може да биде отежнато
-сериозно и ненадејно отекување на рацете, стапалата или зглобовите

AGENCIJA E PRNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE SHKUP
АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА СКОПЈЕ

-силен јадеж на кожата (со издигнувања на кожата).

**Сериозни проблеми со црниот дроб** (многу ретко, можат да се јават кај помалку од 1 на 10 000 лица):
жолта боја на кожата или очите, темна боја на урината, губење на апетит.
**Во случај на појава на наведените несакани дејства, веднаш јавете се кај Вашиот лекар.**

Пријавени се и следните несакани дејства:
Често (се јавуваат кај помалку од 1 случај на 10 болни):
- вртоглавица
- главоболка
- чувство на зашеметеност по ненадејно станување заради пад на крвниот притисок (ортостатска хипотензија) што може да предизвика несвестица
- кашлица
- пролив
- повраќање
- бубрежни тегоби.

Помалку често (се јавуваат кај помалку од 1 случај на 100 болни):
- невообичаено чувство како што се трпки и боцкање
- чувство на вртење
- промена на осетот за вкус
- промени на расположението, вклучувајќи депресија
- тешкотии со спиењето
- срцев или мозочен удар
- брзи или неправилни отчукувања на срцето
- промени на бојата на прстите на рацете и нозете
- течење од носот
- мачнина, болка во стомакот, дигестивни тегоби
- исипување, јадеж
- импотенција
- слабост и замор
- промени на црнодробните крвни наоди
- зголемување на нивото на некои супстанции во крвта (уреа, креатинин или калиум).

Ретко (се јавуваат кај помалку од 1 случај на 1000 болни):
- промени на некои клетки во крвта што може да предизвикаат чувство на замор и бледило
- ментална збунетост

- промена на осетот за мирис
- сува уста
- уртикарија и јадеж
- губење на косата
- псоријаза
- инфекции на крвта
- затајување на бубрезите
- зголемување на градите кај мажите
- синдром на несоодветно излачување на антидиуретскиот хормон, ниско ниво на натриум во крвта кое може да предизвика слабост, замор, главоболка, мачнина, повраќање и грчеви.

**Многу ретко (се јавуваат кај помалку од 1 случај на 10 000 болни):**

- многу ретко се пријавени случаи на нарушување на крвта кои можат да предизвикаат инфекција, температура или треска, замор, чувство на недостаток на здив, невообичаено крвавење или необјасниви модринки
- отечени лимфни јазли
- зголемен имунолошки одговор (автоимуна болест)
- низок шеќер во крвта (симптомите можат да бидат чувство на глад и слабост, препотување и забрзан срцев ритам)
- воспаление на белите дробови
- болка во синусите
- отежнато дишење
- еозинофилно воспаление на белите дробови (вклучува комбинација од следниве симптоми: синузитис, чувство како да имате грип, чувство на недостаток на здив, болка во подрачјето на желудникот или цревата, кожно исипување, чувство на прободување или вкочанетост на рацете и нозете)
- воспаление на панкреасот
- отекување на слузницата на цревата (можна појава на ненадејна болка во стомакот, пролив, повраќање)
- изразено потење
- меурчиња на кожата
- кожни тегоби, вклучувајќи црвенило, лупење на кожата и болни подрачја, вклучувајќи и појава на меурчиња во устата и носот
- промени во количината на урината.

Непознато (зачестеноста не може да се процени од достапните податоци):

- гледање, чувствување или слушање на работи кои не се присутни (халуцинации)
- напади на црвенило на кожата.

**Можни несакани дејства со хидрохлоротиазид (зачестеност непозната, не може да се процени од достапните податоци):**

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE SHKU СКОПЈЕ

- воспаление на плунковните жлезди
- намален број на крвни зрнца и/или крвни плочки во крвта. Може да се јави замор, инфекција (која може да биде сериозна), треска, чувство на недостаток на здив или појава на модринки и крвавења.
- губење на апетит
- зголемено ниво на шеќер во крвта (хипергликемија)
- шеќер во урината
- покачена мочна киселина во крвта
- променети нивоа на одредени супстанции во крвта (како што се ниски нивоа на натриум и калиум). Можна е појава на слабост во мускулите, жед, чувство на боцкање, грчеви и слабост.
- зголемени нивоа на масноти во крвта (вклучувајќи и холестерол)
- немир
- депресија
- тешкотии со спиењето
- трпки како игли
- чувство на зашеметеност
- промени на видот при што сѐ изгледа жолто
- краткотрајни проблеми со видот
- тешка болка во окото со црвенило и ненадејно замаглување на видот. Во случај на ненадејна појава на болка и црвенило на очите веднаш известете го Вашиот лекар. Можеби ќе треба лекување како не би дошло до трајно губење на видот.
- ослабен вид или болка во очите како резултат на висок крвен притисок (можни знаци на акумулација на течност во слојот на окото во кое се наоѓаат крвните садови (васкуларна ефузија) или акутен глауком на затворен агол)
- вртоглавица
- чувство на слабост (особено по станување)
- оштетување на крвните садови што предизвикува појава на црвени или виолетови дамки по кожата
- отежнато дишење. Можете да почувствувате недостаток на воздух во случај на појава на воспаление на белите дробови или на течност во белите дробови.
- надразнување на желудникот
- пролив
- затвор
- воспаление на панкреасот. Се јавува умерена до тешка болка во стомакот.
- жолта боја на кожата и белките во очите (жолтица)
- кожни промени кои вклучуваат исипување предизвикано од пречувствителност кон сончева светлина, исипување, тешко исипување кое се појавува ненадејно со меурчиња и лупење на кожата и појава на меурчиња во устата, појава и влошување на постојниот еритемски лупус или појава на невообичаени кожни реакции
- алергиски реакции
- грчеви и слабост на мускулите
- проблеми со бубрезите кои можат да бидат сериозни (можат да се утврдат со тестови на крвта)

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА • AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE • SHKUP • СКОПЈЕ

- треска
- слабост
- рак на кожата и усните (немеланомски рак на кожата)

Не се грижете за сите наведени несакани дејства. Несаканите дејства не мора да се појават кај Вас.

**Пријавување на несаканите дејства**
Ако забележите какво било несакано дејство, треба да го известите Вашиот лекар или фармацевт. Тоа го вклучува и секое можно несакано дејство кое не е наведено во ова упатство. Со пријавување на несакани дејства можете да допринесете за процената на безбедноста на овој лек.
Несаканите реакции од лековите може да ги пријавите во Националниот центар за фармаковигиланца при Агенцијата за лекови и медицински средства (ул.Св.Кирил и Методиј бр.54 кат 1) или по електронски пат преку веб страната на Агенцијата http://malmed.gov.mk/.

**5. Чување на лекот ИРУЗИД**

**Лекот треба да се чува на места недостапни за деца!**
Да се чува на температура под 25°C.

**Рок на употреба**
Означен е на пакувањето
**Лекот не смее да се употребува по истекот на рокот на употреба!**

Лековите не смеат да се отстрануваат преку отпадните води или куќниот отпад. Прашајте го фармацевтот како да ги отстраните лековите кои веќе не ви требаат. Со тоа ја чуваме нашата околина.

**Начин на издавање на лекот**
Лекот може да се издава во аптека само на рецепт (Р).

**Датум на последна ревизија на внатрешното упатство**
Мај, 2024 година.

АГЕНЦИЈА ЗА ЛЕКОВИ И МЕДИЦИНСКИ СРЕДСТВА
AGJENCIA E BARNAVE DHE PAJISJEVE MJEKËSORE
SHKUP
СКОПЈЕ